# *ОТВОРЕНИ ПИСМА*

**До грчката влада, Европската Унија и македонскиот народ**

Стојан Кочов

# ОТВОРЕНИ ПИСМА

Скопје, 2017

Risto Stefov
Publications
Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, eцcept for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2026 by Stojan Kochov

e-book edition

******

March 15, 2026

******

# ОТВОРЕНИ ПИСМА
## ДО ГРЧКОТО ПРОТИВЕЊЕ ЗА НАШИОТ ИДЕНТИТЕТ, ЈАЗИК И НАШЕТО ИСКОНСКО ПОСТОЕНИЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПОД ГРЧКАТА ДРЖАВА КОЈА ЈА ОКУПИРА МАКЕДОНИЈА 1913 Г.



**СТОЈАН КОЧОВ, Писател, историски истражувач и публицист**

***Кои се луѓето што бараат да не лишат од името ,основните човечки права и од прадедовото огниште?***

**Зарем не знае намуртениот господин Мицотакис дека како што вели мојот почитувам пријател: Διμιτριος Ιοαννου:дека ние Македонците-Υπηρχαμε, Υπαρχουμε και θα ΥΠΑΡΧΥΟΜΕ!**

**ШТО ВЕЛИ КОНСТАНТИН МИЦОТАКИС ЗА ПРИЗНАВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА**

# Името е сè!

**● Грција, според премиерот, се плаши дека и во иднина ќе се води пропаганда, па затоа бара промена на името на Македонија. – „Чудното недоразбирање“ никој не може да го разбере во Западна Европа, се истакнува во интервјуто на хамбуршкиот „Шпигел“**



**Дали Грција има „авторско право“ на името Македонија: Мицотакис**

Во најновиот број на хамбрушкиот „Шпигел“ е објавено интревју со грчкиот премиер Константин Мицотакис, посветено на состојбата на Балканот или на југословенската граѓанска војна – како што сѐ уште ја нарекуваат, и на Македонија.

Запрашан уште на почетокот за тоа дали војната во Југославија ќе го запали целиот Балкан, тој одговара дека на тоа може да се смета, но, ако се води правилна политика, тогаш таа би можела да се избегне.

За тоа дали Грција би презела воена интервенција во случај ако Бугарија или Албанија би се замешале, тој одговара дека тоа би дошло само во случај ако Грција директно биде нападната и додава дека Грција не претставува проблем за Балканот, дека таа нема територијални претензии и дека е единствена земја, која нема никакви лоши намери спрема своите соседи.

Запрашан зошто Грција преку Европската заедница го спречува признавањето на Република Македонија и дали со ваквиот став не им се дава шанса на Србите – тој одговара дека оваа Република има добри односи со Србија и дека Армијата целосно е повлечена од неа. Меѓутоа, таа би можела пак да се врати, кога ќе заврши во Босна – предупредуваат новинарите. Мицотакис на ова одговара дека единствениот вистински опасен проблем е Косово, додавајќи дека сѐ додека претседателот Глигоров од Скопје се држи настрана од Косово, Милошевиќ не ќе има причина да интервенира. Делот за Македонија го пренесуваме интегрално.

**Шпигел: Дали можете да се помирите со постоењето на оваа држава (Македонија)?**

Мицотакис: За нас е добро оваа Република да постои. Кога не би била независна, таа би се поделила меѓу Албанија, Бугарија и Србија. Грција тука не би се мешала, бидејќи ние не сакаме граѓани, кои не се Грци.

DER SPIEGEL

– Хамбург

**Шпигел: Тогаш зошто Грција упорно одбива оваа Република да ја нарекува со името Македонија, а не со името Скопје, како што тоа го правите денес? Ова чудно недоразбирање не може никој да го разбере во Западна Европа.**

Мицотакис: Би пожелувал тоа недоразбирање да биде само чудно. Грција е многу изнапатена, тоа не треба никој од нашите пријатели да го заборави. По Втората светска војна, кога комунистите ја разгореа граѓанската војна кај нас, оваа Република Македонија требаше, преку Солун, па сѐ до Егејот да се протега. Оттогаш Скопје без прекин води една експанзионистичка пропаганда.

**Шпигел: Оваа мала бедна земја сигурно не може да претставува опасност за Грција?**

Мицотакис: Република Скопје е една нестабилна конструкција, еден мозаик од два милиона жители. Опасност за нас не би можела да биде, но може да предизвика опасност за стабилноста на нашата земја. Се плашиме дека таа пропаганда ќе е води и во иднина. Затоа, Грција се залага за промена на името. Па, господата од Скопје, сметам дека тоа не ги чини ништо. Тие немаат ниту национални ниту, пак, историски причини ова име да го задржат.

**Шпигел: Ако Македонија, според договорот, се откажува од територијалните претензии и од промената на границите, какво значење има тогаш името?**

Мицотакис: Името е сѐ. Името е пропаганда за себе, тоа е симбол.

**Шпигел: Дали компромисните форми како што се: „Горна Македонија“ или „Словенска Македонија“ се прифатливи за вас?**

Мицотакис: Сметам дека ваквите компромиси не се добро решение.

**Шпигел: Значи Грција е единствена, која има авторско право на името Македонија?**

Мицотакис: Никој нема авторско право на името Македонија. Македонија е географски белег. Еден дел од Македонија – 50 проценти ѝ припаѓа денес на Грција, друг дел на Бугарија и трет на Скопје. Тоа е реалноста. Земјите од Европската заедница се обврзаа оваа Република да не ја признаат сѐ додека прашањето со името не се реши. Зошто да се понижи Грција? Таа е лојален партнер на Заедницата. Треба ли сето тоа да се сруши само поради едно име?

**Шпигел: А што ако некоја земја од Европската заедница, и покрај вашите приговори, го прескокне тоа?**

Мицотакис: На ова прашање Грците се мошне чувствителни. Во еден таков случај се плашам од непожелни реакции.

**Шпигел: Гледате ли во Србија сојузник во борбата против Муслиманите? Турција се обидува да им помогне на Муслиманите од Балканот.**

Мицотакис: Сметам дека и Турција е балканска земја, па според тоа, таа има и право за своите интереси на Балканот.

**Шпигел: Не ли претставува опасност за Грција да биде отсечена од Европската заедница по прашањето за Муслиманите.**

Мицотакис: Страв постои. Затоа сме и толерантни спрема Србите. Транзитниот сообраќај мора да поминува преку Србија. Исто така, и Милошевиќ се залага за слободен транзитен сообраќај помеѓу Србија и Грција, со една минимална контрола низ Скопје. Затоа, потребни ни се, пред сѐ, добри односи со сите соседни земји. Место за оние, кои сакаат да војуваат, нема.

**Писмо бр.1**

# Од каде македонска крв кај Друцас и Карацаферис?

(Објавено во “Нова македонија”на 22. 12. 2009)

Нови идеоошки ветришта од југот: Друцас со својата теза против тезата на костурскиот Владика Каравангелис.
На господинот Димитрис Друцас, решив да му се обратам сакувајки да ја одгатнам неговата храброст кога тој пред пратениците на високиот законодавен дом на Грција и пред целиот свет изјави: “Македонскиот идентитет е дел од идетитетот на секој Грк и дека секој Грк се раѓа и умира со македонски идентитет...
Теза, која во грчката политика значи: испревртена теза после еден век.Чудна алхемија? Не сум изненаден, туку вчудоневиден на Друцовата смелост, така лесно даму се спротивстави на тезата наосновоположникот за ПОГРЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ, прочуениот владика Германос Каравангелис, а сега Друцас со својата теза да вршите ПОМАКЕДОНЧУВАЊЕ на Грците.
ЗОШТО ОВИЕ ПОЛИТИЧАРИ ПОСАКУВААТ ДА СЕ МАКЕДОНИЗИРААТ!?
Значи, господинот Друцас, посакува да најде лек за сите националистички болести. Но, познавајќи ги доброГрците низ војните и животот, незнам дали ќе се најде некој достоинствен и горд Грк што би ја прифатилова Друцова алхемија?!
Таквите пропаганди, почнаа да виреат точно пред еден век со обмислен концеп, преку црквата на чело со костурскиот владика Германос Каравангелис. Тој во своите спомени детално ги опишува акциите инајсуровите методи што ги вршел при ПОГРЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ. Каравангелис изработи и кодификација од таквите постапки: да се убие инстиктот за поимот МАКЕДОНЕЦ. Таквиот модел доживува кулминација еден долг временски период од 1900 - 1950 година,

но и потоа траеше. Господине Друцас, јас сум Македонец од Леринските села и 60 години по Граѓанската војна живеам во прогонство заедно со илјадници мои сонародници од Костурско, Леринско, Воденско и неможеме да се вратиме на татковите огништа поради законот што го има донесено токму грчкиот парламент пред кои говоревте и на цел свет му кажавте дека сте горд Македонец. Законот е осмислен проект кој има тенденција да ги елиминира малцинствата кои живееле и живеат со векови на прадедовите огништа, а тоа се Македонците кои гинеле заедно; Грци и Македонци, во грчко - италјанскиот фронт, против фашистичкиот германски окупатор, во Граѓанската војна и во целукупниот живот во Грција. Но, веќе 26 години Грција како членка на ЕУ; во нејзиното највисоко законодавство, се до ден - денес да има расистички закони, како што е законот:под бр. 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на "Грци по род",од 29 декемврi 1982 година. Значи, донесен е закон кои не важи за Грците, туку за Македонците кои не можат да се вратат во Грција и живеат прогонети низ светот, затоа што не се Грци по род. Значи тоа се Македонците кои во Граѓанската војна, беа насилно мобилизирани од комунистите Грци и кои токму тие Грци ја раководеа ДАГна чело со генерал Маркос. Македонците, во таа војана нема ниту воено, ниту политичко, раководство, туку служеа за топовско месо. Но, по војната сите тие Грци по род, се вратија во Грција, во своите домови и беа социјално згрижени и интегрирани во грчкото општество, а Македонците обвинети дека тие ја разгореле Граѓанската војна и тие се бореле со цел да Република Македонија стигне преку Солун, па се до Егејот дасе протега. Смешна работа за секој Македонец, но и за здравоумниот грчки човек, бидејки тоа сега историјата го потврдува дека Граѓанската војна беше заговор против Македонците. И таквиот проект сеоставри. Се извршија големи преселби на Македонците од Грција (Ег. Македонија), токму во годините 1945 - 1949 година.
Господине Друцас, да не изумам, сакам да ве осведочам за уштее ден многу важен закон, донесен токму од тој висок пратенички грчки дом.Тоа е законот за преименување на имињата и презимињата, на топонимите и на се: ш то е

македонско на грчки јазик исклучиво само во тој дел на Македонија под Грција со закон (“Ефимерис тис Кивернисеос” бр.332 од 21 ноември 1926 година). Во цивилизираниот свет се знае дека никој не смее да има монопол над именувањето и над имињата: тука спаѓаат името ма територијата, на луѓето, на предметите, на јазикот и на секој поим што со векови го употребувале староседелците. Тоа во Европа го направи само Грција. Станува збор за промена на топографијата, на душата на македонскиот народ во Грција. Со таквата сурова стратегија, се тераше македонскиот народ на заборав на сопствениот културен идентитет. Целта на окупаторите им беше: да го изменат гравитационото јадро на македонското самостојување и вековното самопотврдување и да се напуштат тајнствените алгоритми запишани во вековниот егзистенцијален код и на сето тоа да им се даде грчки код. Да се избрише целокупната македонска цивилизација која со векови беше обликувана врз иманентни аксиолошки стандарди, изградени врз основа на определени функции на културата, без кои не би била можна егзистенцијата на човечкиот род. Со таа топографија ние Македонците, (токму од тој дел на Македонија), било кај да сме по светот и ден - денес се идентификуваме и себараме по светот.
Но, не треба да се заборави и на Метаксовата диктатура - позната од 4 звгуст 1936 година, кога генералот Јоанис Метаксас прогласи диктатура во Грција. Режимот посебно остро се спротиставуваше и го казнуваше македонизмот, изразуван било како опстествена дејност или само преку говорење на мајчин јазик. Многу локални жители на Македонија под Грција завршија во суровите затвори и по островите.
Но сега станува збор за горе спомнатите - фамозни закони, кој сега треба да важат и за господинот Друцас,и за сите оние (што ги замислува) што имаат македонски идентитет и се горди како Македонци...
Господине Друцас, голем доказ (од светски размери) ќе биде вашата заложба, ако ги поставите тие прашања пред грчкиот парламент: да ги повлече таквите расисички и нечовечки закони и “црвените линиј” кои не отчовечува и одалечува како луѓе. Верувајтеми дека цел мироњубив свет ќе ви честита, а јас тоа ќе го сторам меѓу првите. Но, господине Друцас, можеби од

љуопитност, ипак сакам да ве прашам: Вие и многу како вас, велите дека имате македонски идентите и сте горди Македонци. Ве молам, објасните ми од каде се најде такво сродство - македонско потекло, македонска крв, кај вас роден во Кипар и кај Караџаферис од Мала - Азија? Чудни луѓе? Со происход роден во Кипар и кај Караџаферис од Мала - Азија се најде македонска крв?
Госпдине Друцас, убаво е за сите слободоумни луѓе кога лично се осознават и се декларираат како им прилега. Тоа важи и за Грци и за Македонци и за Турци, и за Арванити и за Власи, кога ја зборуваме вистината, а не со **јазикот на омразата кои обично политичарите ги терат да истрчуваат боси во трњето.**
Драг наш г. Друцас, за разлика од вас, кои се раѓате и умирате како Македонци, а во таа отсечка живеете како Грци, ние Македонците не само што се раѓаме и умираме како Македонци, туку и живееме и битисуваме како Македонци...

Правила за објавување на коментарите

**Сасо Германија**
ТЕСКОТОТ ке треба да поцнат да го учат Грците ако мозат и со тоа да показат култура(цитај цовестина) дека на север од границата зивее народ како нив со своја, македонска национална самобитност. Доста се инатеа.

**Дејан**
Европа, гледам и ти си некој од тие безрбетниците сто се влаецкаат низ МК по улициве.Мизерно.....ај вади си биометриски и МАГЛА

**Ѓиорги**
Секој ви почит госп. Кочов и аку верувам дека нити едниот нити другиот несе од грццко генетско потекло.Првин името Кардзафери нее нисcто друго туку албанско а во најдобар слуццај од турско потекло како ccто е Карманлис и другите.Оние направените фвесcтаццки Грци имаат и највекие од ccто да страхуват ако Македонија крени глава економски или влезе во ЕЗ. Но дали го сакаат тоа или не тркалото на историјата нити “грццките” лаги немоззат да го застанат. Ние кие се обединеме како да било дали под покривот на ЕЗ или друк тоа нее знаццајно.И јас сум дете Бегалец и ме вракиат од границата постојано.Но имам една молба до сите насcи:немојте даја одгјувата васcата земја на прадедовците па незнам колку пари и да ни нудат.

**Ристо**
До Европа, Се додека има луге како тебе ке ти се смејат и врапците, се гледа дека не те боли за Македонија и Македонците, а да ти казам несто Моите внуци сега имаат 5,4,2 години не зивеата во Македонија мајка им е Австралијанка и таа и децата зборуваат подобро од тебе Македонски, и оди кази и на Австралијанката несто против Македонија ке не знаес сто да одговорисх инаку таа е магистер по правни науки, туку ако не се осекасх Македонец осекај се Европеец а јас се Родив и ке умрам Македонец.

**Никола Донев**
Не сум по потекло од Егејскиот дел на Македонија, немам нисто таму сто би мозел да наследам, но со целото срце сакам да успеат лугето да си ги вратат своите имоти, бидејки на тој нацин сите Македонци ке бидат во една дрзава. А на Друцас би му порацал дека не е доволно да казе дека е Македонец, прво треба да да изгледа како македонец а после да казува дека е македонец, мене ми лици дека "мајка" му била некоја поробена Гркинја и на Македонците и им била слугинка. Па и тоа не е малку, мозеби ја работеле.

**Батка**
Нема проблем! Ке им земеме крв и ке ја провериме. Па ако лазат и двајцата - тогас им нема спас! Спасот за сизофренијата е - гледање ЕПП од владината кујна.Ако издрзат бар 3 дена ке ги примиме како Македонци,ако не - лесна им земја.

**ск2**
Како бе од каде па јас ги направив и едниот и другиот синови мои... Добри мајки имаат прават се од пусење до ај користете малку фантазија...

**Европа**
цела европа се смее со македонија дали знаете? Отворете било која книга во европа за антика преполно се со нивна историја, митови само во македн се води на слепо перење на мозок сто има денесен македонец со името? Имети и нисто друго никаде во светска литература, извори несме поврзани со тоа има само се споменуваме со тоа име од времето на тито во 30етите години....македонија е гцрка и врапците тоа го знаат на запад дзабе се води во македон индоктруинација перење на мозок од стр ма вмро дзабе се тоа це ја одведе во мак во распадјање дури грците се добри це ни дозволат северна мак а за нација па треба да преговараме дали це прифатат северномакедонец а асто це правите земјаци це се сликате...

**Христина**

Мојата прабаба е родена во Кукуш, мојот прадедо во Солун. Мојот татко е роден во Солун, па секогах се цувствувале македонци и зборувале македонски. Мојот татко е поцинат (инаку васх пријател) г. Коцов инаку слатко ке се изнасмеесхе на оваа изјава на Друцас.

## Писмо бр 2.

**ЕВРОПА СЕ РАЗМИНУВА СО ЕВРОПА**
**(Повод: “За да нема ‘македонски’ го тргнале и јазикот”, “Нова Македонија” 13 октомври 2011)** Навистина, тоа е ужасно обезличување и пред таквиот ужас не треба да се молчи. Со тоа се погазени сите човекови права: достоинството на човекот и човековите права, историјата, културата, јазикот и се става во криза македонскиот идентитет. Ние Македонците родени во Грција, а илјадници сме протерани токму од нашите родни огништа и денес живееме по светот, токму од расистичките закони на Грција, Европа и нејзините преставници, треба да знаат дека тоа сме го доживеале уште во 1926 година, кога во грчкиот “Службен весник” (Ефимерис тис кивернисеос) бр. 332, од 21 ноември 1926 година, се објави закон за топонимско прекрстување на целата анектирана територија на Македонија. Подоцна тоа го направи и со личните имиња и презимиња на сите Македонци. Навистина тоа е ужасно, Европа би требало да знае дека Грција во целокупната комуникација и во сите официјални документи, анектираниот дел од поделбата на Македонија (1913 г.) го водеше под имињата: “освоени земји”, “окупирани земји”, “грчка Македонија”, (Ворија Елада). По овој закон, низ градовите и селата, плоштадите, улиците, јавните места, во автобусите, возовите, испишани со крупни букви на кои се повикуваа Македонците “Омилите елиника”! (Зборувајте грчки). А неописливо е какви беа казните и маките (имаше закани и сечење на јазикот). Почитувани Европејци, во тој анектиран дел до и по Првата и Втората светска војна и Граѓанската војна, какви етнички чистења и промени се вршени, можете детално да се осведочите од многу европски видни и почитувани историчари. И на крајот грчката влада, во 1985 година го донесува последниот закон бр. 1.540, со кој се решава прашањето на враќањето на имотите на политичките бегалци. Но овој закон се поврзува со уредбата на Министерството за јавен ред и Министерството за внатрешни работи бр. 106.841, од декември 1982 година, дека во Грција можат да се вратат

само “Грци по род”. Со овој акт Грција фактички правно ја нормира дискриминацијата спрема Македонија. Просто не можам да верувам во зборовите на госпоѓата Александра Кас Грање, кога сожаливо вели: “Вашето срце знае која е вашата земја и тоа е што е важно за вашиот идентитет...” Да, госпоѓо, сигурно Македонецот знае и го боли кога слуша такви работи, но не знам зошто вам, Европејците, ви е страв да нѐ наречете Македонци и кога доаѓате во прекрасната наша Македонија, туку велите “вашата земја”. Човек ќе помисли дека сте пристигнале од друга планета. Останува само нејасно од госпоѓата Александра Кас Грање: кога Македонецот оди во Европа, како треба да се претстави.
Не сакам да зборувам каква национална штета и неправда ни се нанесени со придавката (која ви е страв да ја изговорите), а тоа ме тера да размислувам дека расистичките закони на Грција ве натераа повеќе да ги прифаќате, отколку реалноста македонска. Вие - ЕУ, пред македонската и европската јавност, првенствено треба сестрано и широко да ги отворите вистинските прашања за условувањата на Грција што ги прави спрема македонскиот народ во Република Македонија и нејзините закани и штети за мирот на Балканот и во Европа. Грција тоа го прави за тотално да го уништи македонскиот историски, културен и национален идентитет.

***Стојан Кочов, писател и публицист***



СТОЈАН КОЧОВ, писател, истражувач на историски настани

## *Отворено писмо:*
## *ЗА МАКЕДОНЕЦОТ НЕМА МОЛЧЕЊЕ ПРЕД УЖАСОТ*

## Писмо бр. 3

Самарас претседател на грчката влада, вели: "Прифатите ерга омнес, па ќе ве пуштиме во ЕУ и НАТО. (30. 06. 2013).
А Папулјас претседател на државата Грција вели: проблем е името, македонскиот народ и јазикот (19.06.2013).
Самарас, до вчера беше доследен за Македонија, најсреќен ќе биде да ја нема (23. 04. 2012).
Што да рече човек, на кое време и на кого не потсетуваат овие луѓе! ? - (Холокаустот, сибирските логори, голооточките и макронисиотските острови). Времето денес и сите мирољубиви луѓе, посебно во регионов, од нас бара: незајадливост (крволочење), туку ЧОВЕКУВАЊЕ...
Проблемот не може да се реши, оти не постои, нема проблем кај Македонците, па нема што да се решава; од дедо прадедо се викавме Македонци, а старите велеа :АЕ со векови така се викаме, уште пред да дојди Гркот".
Замислете си, да ние Македонците ако пред полавек го отваравме прашањето за извршениот геноцид во годините на Граѓанската војна (1945-1949) и светот за овие прогони знаеше, денес Грција така ли ќе постапуваше? Америка, Англија и Европа не знае за се што се случуваше, но знае и тоа дека ние Македонците сето тоа го премолчивме во текот на југословенскиот период-тоа беше време на црвениот притисок-принудно молчење.
Факт е дека секој разумен човек знае дека успеавме да ја принудиме Европа да го прегази правото на национално самоопределување на Македонците. Таквата политика на уцена што Европа денес ја применува кон Република Македонија е лекција што им годи само на грчкото раководство.
Но, повеќе од јасно е дека на Грција воопшто не и пречи името Македонија. Грчкото раководство сака да не забрани ние да се викаме Македонци и да престанеме со изучувањето на историјата наша. Да ги заборавиме Македонците во Грција и сите злодела што ги извршиле над нив и последниот варварски геноцид со незапаметено прогонство (од новороденче до

најстариот Македонец); во времето на Граѓанската војна (1945-1949).
Ете фактите што зборуваат: После крајот на воените судири во Грција, кои беа со времетраење на една деценија (1940-1949), бројката на Македонците во Грција се намали на околу 100.000 жители. По овој потврден воен развој, на официјалната грчка политика, и се даде можноста “македонското прашање” и внатре и надвор од Грција да се претставува како “непостоечко македонското прашање”. Новата стратегија, која жестоко продолжува се до ден - денес посакува да го скрши и искорени битот и духот на македонскиот народ, а тоа се прави; (како што вели нашиот народ во Костур и Лерин, А од ка дојде Гркот 1913 година” и се се темели на расистички и незасновани, непостоечки историски податоци. А официјална Атина настојува да го прикаже тоа; дека по големото смалување бројот на Македонците по Граѓанската војна, останатите жители Македонци кои продолжија да живеат во составот на грЧката држава, тие “пројавуваат чиста грчка национална свест” и поради тоа треба “Да се прифати и да се бара тие Македонци да се приклучат во грчкото национално јадро”.Таа е тезата на Конвенционалната држава Грција: еден крал, една нација, една црква, еден јазик”.
Ете таква била политиката на грчката влада се до 1950 година, и таква остана се до денешната грчка актуелна политика на официјална Атина, да не престави како безбедносно жариште, дека оттука се генерираат безбедносните проблеми и дека сме имале територијални претензии?
Премногу се јасни барањата на Самарас и Папулјас: Промена на се што го носи називот македонски како јазик, идентитет, култура. Ете тие прашања за нас Макеонците се геноцидни! Зарем тоа, не го забележува ЕВРОПА!?
Врз основа на меѓународното право, државјанин на една држава се ползува со нејзината заштита без оглед на тоа каде се наоѓа. Тој (Македонецот) има право да се врати во својата држава и наполно да се стави под нејзина заштита. Но, ние Македонците политички бегалци од Грција сме лишени од оваа можност дури и по половина век.

На крај, сакам добронамерно да го прашам господинот Андонис Самарас, се разбира и Папулјас: што ги спречило, да не ги презентират историските факти кои зборуват за нас Македонците што можеле да ги имаат на располагање во архивата на Велика Британија? Но, и во другите светски архиви, ако во Грција се уништени.
Како што се:
- *“Меморандум - за македонското прашање. Односно, каде се зборува за ситуацијата во Грција (Егејска) Македонија факти за грчкиот терор во Македонија*. Извештај на американскиот печат за грчкиот терор во Македонија. Односно: ситуацијата во Грчка (Егејска) Македонија од 16.12.1946. Ф0 371/58615 ХП00201 Р16924/298/67.
- “Меморандум од Грција за словенското загрозување на грчка Македонија, од 20 октомври 1946. Ф0 371/58615 ХП00201 Р156551/298/67.
- *Книгата “Македонскиот конфликт” од Лоринг М. ДЕНФОРТ- професcор од САД по професија антрополог. Тој со својата превосходна антрополошка анализа на тема “Македонскиот конфликт” во ова волуминозно и сеопфатно дело, втисна посебен белег во историјата на конфликтот и со еклатантни докази проговори и со респект кон се што е релевантно да создаде амбиент за реално расветлување на сите темни дамки што го имаа доведено во криза македонскиот национален ИНТЕГРИТЕТ. Тој, во својата книга зборува, токму на таа тема “Откако војната заврши”, посебно за Македонците под Грција. Но, постојат и многу други историски документи, па дури уште од поделбата на Македонија, но и од војните објавени во грчката историографија од страна на високи функционери на ДАГ (а тоа е време на моето живеење и леење крв, токму за да останам Македонец), архивите на СССР кои зборуваат за нашиот македонски идентитет.Значи, целта на вашата долгогодишна “историска” политика, сите горенаведените факти да се избришат и пред светот вашата теза би била (официјално) да нема Македонци, а во тој случај и држава не е потребна! Или - обратно. ЕТЕ ЗОШТО, ЗА МАКЕДОНЕЦОТ НЕМА МОЛЧЕЊЕ ПРЕД УЖАСОТ!

Но да се вратиме на суштината на проблемот, господинот Андонис Самарас претседател на грчката влада, отвара едно сериозно прашање што е за почит и вели: “**Проблемите што постојат со соседните земји (веројатно мисли на Република Македонија) треба комплетно да се решат. Да се решат, а не да се кријат под тепих”.**

Веројатно, мисли на:

а) Враќање на прогонетите Македонци од Граѓанската војна и по неа. Враќање на имотите и државјанство. Елиминирање на грчките закони што ги разделуваат луѓето од “грци по род”;по вера, националност и по јазик. Да ги посетиме гробиштата на нашите дедовци и баби. Да запалиме свеќа и за загинатите браќа и татковци во грчко - италијанскиот фронт, но да не ги заборавиме и тие што загинаа во грчко-турската војна. Сите тие беа распоредени на првата фронтовска линија и беа пофалувани од грчките генерали. Но, и сите тие што коските ги оставија на Грамос, Вичо и низ цела Грција, а и тие по војната осакатени кои останаа по светот и уште не се сретнати со семејствата. Ќе ни се признаат културните и национални права, всушност тоа што го проповеда Европа и целокупното цивилизирано човештво.

б) Да се заборават сите злодела и да мислиме на мир, просперитет на нашите народи - ЕВРОПСКИ!

Радост кај сите прогонети, насмеаност дека се ќе излезе од под тепихот и дај Боже ова лето да го славиме големиот празник “Голема Богородица” во родниот крај **DOMA**.

Стојан Кочов

**Писмо бр.4.**

## *ОТВОРЕНО ПИСМО*

### ПОВОД: ШТО ЗНАЧАТ И НА КОЈА СТРАТЕГИЈА СЕ БАЗИРААТ ЦРВЕНИТЕ ЛИНИИ НА ВЕНИЗЕЛОС?

Високиот државник Венизелос (Туркоглу) децидно вели: "Грција си го покажала своето уште во 2008 година, кога ги поставила грчките црвени линии во спорот (Ултиматумот-барање придружено со разни заканувања), и дека сега е на потег другата страна. Тој во интервјуто за весникот „Реал" додал дека ставот на Грција е не променлив, без никакви шанси за отстапки и дека новото име што ќе се договориме треба да биде и за внатрешна и за меѓународна употреба, односно да влезе во Уставот на Македонија."

**Ужасно!? Се прашувам и ги молам сите човечки суштества за одговор:-Дали јас и мојот македонски народ кои доживеавме геноцид од грчката држава во време на Граѓанската војна 1945-1949 година,треба сега да бараме дозвлола од такви како Венизелос,Самарас,Папулјас и слични на нив да ни дозволат да се нарекуваме Македонци!?Како што со векови се нарекувале нашите прадедовци Македонци!?**

Господине Венизелос, толку е неразумен Вашиот став и е надвор од основниот принцип за почитување на мегунаро дното човечко право што секое човечко суштество дури и сликата Ваша може да го резигнира од вашата Ујдурма. Вие со вашата монстоумна мисла сакате:.. Македонија да капитулира и ние Макеонците да се откажиме од самите себе и тогаш за вас ќе биде завршен процесот што го почнале вашите предновековни предходбици: Македонија би била без нас Македонците... "Тогаш, сигурно ќе биде задоволен и Карлос Папуљас , бидејќи на негово заволство: Македонците ќе заборават на Македонизмот". Какви соседи сме имале!!??

Дали тие навистина не знаат ништо за суровата грчка стратегија што има направено со македонскиот народ кои со векови до 1913 година живеше во своите прадедови огништа?! Зарем,

навистина ништо не знаете за големата последна измама на Македонците во Граѓанската војна во Грција 1945 - 1949 година, која беше раководена од самите Грци, а по војната, тие се вратија во своите домови, а ние Македонците останавме по светот.

Зарем, не знаете за смртната идеолошка стапица, за длабочината на трагедијата, за корените на злото и мрачните тајни за геноцидот над Македонците во Грција во Граѓанската војна дека умислено се прикриваат во Грција, пред ЕВРОПА И СВЕТОТ...

***1.** ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА ГРЧКАТА СТРАТЕГИЈА СПРЕМА МАКЕДОНЦИТЕ - РЕЧЕНО ВО ГРЧКАТА ИСТОРИЈА ОД САМИТЕ ЗАВОЈУВАЧИ:*

*Грчката стратегија била: а)Македонија, без Македон-ците. б) Како второ од документот се гледа кога дошле Грците во Костур и во Егејска Македонија и в) Зашто на Грците им била главна цел; нас Македонците до дендeнес да не прогонуваат!?*

**Документ:**

**Αθήνα, 2 Μάη 1906. Φάκελος Κ 59 Β, ΓΑΚ Στην αναζήτηση ζωικού χώρου για το ελληνικό κράτος, αναγκαίο για την οικονομική και εθνική επιβίωση του, πρωταρχικός στόχος της εξουσίας στην Αθήνα, αποτελούσε η γη της Μακεδονίας, όχι όμως και ο πληθυσμός της. Στην κατεύθυνση εκείνη, ο εκπρόσωπος του ελληνικού «Μακεδονικού Κομιτέτου» της Αθήνας, το οποίο βρισκόταν πίσω από το «Μακεδονικό Αγώνα», στην αντιπροσωπεία που κατέφθασε το 1905 στην Αθήνα από τη Μακεδονία και παραπονέθηκε για τη φριχτή συμπεριφορά των ελληνικών αντάρτικων σωμάτων στην περιοχή της Μπίτολα και Λέριν, τους απάντησε: «Εμείς δεν έχουμε ανάγκη τους Μακεδόνες, αλλά έχουμε ανάγκη τη Μακεδονία» (Καραβίτης, 1994:937).**

**ПРЕВОД ОД АВТОРОТ:**

Во иследувањето на животниот простор на грчката држава, нужен за економскиот и националниот опстанок, првостепена цел на власта во Атина, претсатвуваше земјата (просторот на Македонија, но не и нејзиното население.

Во таа насока, преставникот на грчкото Македонско Комитато во Атина, кое се наоѓаше позади од преста-вништвото на Македоникос агон, во делегација која приостигна во 1905 година во Атина од Македонија и се пожали (на преставниците од Макед. Агон) за ужасниот и страшен однос на грчките андарти кои делуваа во реоните на Битола, Лерин, а тие им одговорија: **Ние (Грците) немаме потреба од (народ)Македонци, но имаме голема потреба од земјата Македонија. (Каравитис, 1994, 937)**

**Македоникос агон (Војување на освојување на Македонија) „** Ο ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΣ ΑΓΩΝΑΣ „ од 1904- 1908 година. (Истражувањето е подолго, поради тоа што се дава големо значење, на таа борба во грчката историја како се вели:

**Превод: авторот.**

**Документн:**
Ние Македонците родени во Грција, а илјадници сме протерани токму од нашите родни огништа и денес живееме по светот, токму од расистичките закони на Грција, Европа и нејзините преставници, треба да знаат дека тоа сме го доживеале уште во 1926 година, кога во грчкиот **службен весник" (Ефимерис тис кивернисеос) бр. 332, од 21 ноември 1926 година,** објави закон за топонимско прекрстување на целата анектирана територија на Македонија. Подоцна тоа го направи и со личните имиња и презимиња на сите Македонци. Навистина тоа е ужасно, Европа би требало да го знае дека Грција во целокупната комуникација и во сите официјални документи, анектираниот дел од поделата на Македонија (1913), го водеше под имињата: Освоени земји, Окупирани земји, Грчка Македонија, (Ворија Елада).
Господине Венизелос, како може една членка на ЕУ; како што е Грција, во нејзиното законодавство, се до ден - денес да има расистички закони, како што е законот:
***На основа решението на министерството за внатрешни работи 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на "Грци по род".*** *Потпишано на 29 декември 1982 година од*

*Министерот на внатрешни работи Ѓоргос Гениматас и министерот за јавен ред Гиани Скуларики.*
*Господине Венизелос, доваѓаме до суштинското пра-шање:* ***Да немаше Македонци, ќе немаше и закони за луѓето кои не се Грци по род; нели?***

# ПРИЛОГ – 2

Мапа (топографска карта) на костурските села напишани со грчко писмо на македонски јазик



## ПРИЛОГ - 3

Она што предизвикуваше огорченост и одбивност кај верниците Македонци, секако беа и црквите. Грчката власт по заграбување на ег. дел на Македонија, со својот арогантен инженеринг, направи ужасен и насилен рез во етничките промени во животот на Македонците, а со тоа им стана ужасен.Со забрана на:јазикот, промена на топонимите и личните имиња, но најболно беше кај верниците, кога пред нивните очи во своите цркви им се им се рушеше духот и битот на Македонецот.
И, по еден век, секој се прашуваше, зарем сите тие акции не беа геноцидни зафати!?
Документ на грчки јазик:
**Αρ.Πρ.1450/1211 ΕΜΠΙΣΤΕΥΤΙΚΗ - ΑΠΟΡΡΗΤΟΣ - ΕΠΕΙΓΟΥΣΑ Ζητείται η υποβολή πληροφοριών περίσλαυοφώνων και βλαχοφώνωνενοριών**
Превод (слободен): авторот.
Бр. Пр. 1459/1211 - Строго Доверливо и неодложно се бара поднесување на детален извештај за состојбата и населнието на славофонските и за влашките цркви.
Циркуларното писмо е како следи:
**Бр. прот. 19/ барање 389**
**Во однос на потребната замена на постојните ѕидови и на олтарот во црквте како што се регистрираните икони како славофонски, истите да се заменат со грчки и на грчки јазик.**
**КРАЛСТВОТО НА ГРЦИЈА И СВЕТИОТ СИНОД НА ЦРКВИТЕ НА ГРЦИЈА**
**Следи оригиналот:**
**До почитуваните - Митрополоити, епископи и поглавари на грчката црква.**
**Имајќив о оглед писмото под број 59594 / од министрсрвото за веронаука (религија на нацио-налното образование) сите црквени поглавари под инто да извршат промена на ѕидните фрески ив о олтарите на светците со славјански имиња и писмо да се замената со фрески и икони на грчки јазик.**
**Атина на 4 јануари 1941 година.**

**Следи факсимил на оригиналот на писмото на грчки јазик:**

«Ἀριθ. Πρωτ. 19 / Διεκπ. 389

Περί ἀντικαταστάσεως τῶν τυχόν ἐν τοῖς ἱεροῖς Ναοῖς εὑρισκομένων Σλαυϊκῶν ἐκκλησιαστικῶν εἰκόνων δι' Ἑλληνικῶν τοιούτων

ΒΑΣΙΛΕΙΟΝ ΤΗΣ ΕΛΛΑΔΟΣ

Η ΙΕΡΑ ΣΥΝΟΔΟΣ ΤΗΣ ΕΚΚΛΗΣΙΑΣ
ΤΗΣ ΕΛΛΑΔΟΣ

*Πρός τούς Σεβ. Ἱεράρχας τῆς Ἐκκλησίας τῆς Ἑλλάδος*

Ἔχοντες ὑπ' ὄψει τό ὑπ' ἀριθμ. 59594/2523 καί ἀπό 17ης Δεκεμβρίου π[αρελθόντος] ἔ[τους] ἔγγραφον τοῦ Ὑπουργείου Θρησκευμάτων καί Ἐθνικῆς Παιδείας (Διεύθυνσις Ἀρχαιοτήτων), Συνοδικῃ ἐξουσιοδοτήσει, προτρεπόμεθα Ὑμᾶς, ἵνα συντόνως μεριμνήσητε διά τήν ἀντικατάστασιν τῶν, τυχόν, ἐν ἱεροῖς Ναοῖς τῆς Θεοσώστου Παροικίας Ὑμῶν εὑρισκομένων Σλαυϊκῶν ἐκκλησιαστικῶν εἰκόνων δι' ἄλλων Ἑλληνικῶν τοιούτων.

Ἐν Ἀθήναις τῇ 4 Ἰανουαρίου 1941

Но, постојат и многу други историски документи, па дури од поделбата на Македонија (1913 година, но и од војните објавени во „Извештајот.на Карнегиевата балканаска комисија” 1912-1913 година, во грчката историграфија од страна на високи

функционери на ДАГ, архивите на СССР кои зборуваат за нашиот македонски идентитет. Значи, целта на вашата долгогодишна "Историска" политика, сите горенаведени факти да се избришат и пред светот вашата теза би била (Официјално) да нема Македонци, а во тој случај и држава не е потребна! Или - обратно.

Што да рече човек: здравоумноста на таквата државна политика на чело како Вас, на кое време и на кого не потсетува на вас како нај политичар!? - (Холокаустот, сибирските логори, голооточките и макронисиотските острови). Времето денес и сите мирољубиви луѓе, посебно во регионов, од нас бара:не зајадливост (крволочење), туку ЧОВЕКУВАЊЕ.

Премногу се јасни барањата на Венизелос и за нас Македонците се геноцидни!

ЗАРЕМ ТОА, НЕ ГО ЗАБЕЛЕЖУВА ЕВРОПА!?

**Објавено:вторник 8 јули 2014 во - "НОВА МАКЕДОНИЈА"**

**Писмо бр.5**

# НЕМА МОЛЧЕЊЕ ПРЕД УЖАСОТ

(20 август 2003 - 25 август 2006)

СТОЈАН КОЧОВ-Писател и публицист и историски истражувач

Повод: Интервјуто на госпоѓа Елза Пападимитрију, шеф на грчкта парламентарна делегација во Советот на Европа, објавено во утрински весник на 23 август 2005 година, Скопје.

Во интервјуто дадено во Стразбург, грчката претеничка Елза Папа-димитрију, која е шеф на парламентарната делегација во Советот на Европа и е од редовите на владеачката Нова демократија, смета дека дипломатијата може да помогне во разре - шувањето на конфликтите помеѓу Република Грција и ПЈРМ, значи, парламентарката по никоја цена не сака да спомене името на Република Македонија.

Почитуваната госпоѓа Елза Пападимитрију, со долг вовед не обзнани дека Грција е нашиот најдобар економски инвеститор и дека Грција е една земја која на својот сосед му даде можности за осум илјади работни места преку тие инвестиции. Со тоа посакува да упати сигнал до ОН да помогнат со еден предлогза постигнување на билатерален договор за официјалното име околу кое двете земји ќе бидат согласени и конечно, да му се стави крај на овој проблем, бидејќи таа била убедена дека нашата иднина го заслужува тоа.Госпоѓата Елза Пападимитрију, на прашањето од нашиот дописник: дали денес можеме да речиме дека меѓу двете земји, меѓу Македонија и Грција нема други проблеми, освен проблемот со името кое ги труеодносите од независноста на Македонија?

Таа вели: За името ние (Грците) направивме голем чекор со предлогот на Нимиц. Тоа е голем чекор. ...Не сакам да навлегувам во детали, но од географски историски и национални причини ние имаме право... Со тоа само ќе го отвориме прозорецот кон европската иднина на нашиот сосед кој толку многу му е потребен. Ние (Грците) ја покажавме и ја потврдивме нашата искреност и волјата да помогнеме. Јас сумоптимист. Во исти стил продолжува:

...Имам колеги кои мислат дека само ние Грците направивме радикален чекор со потпишувањето на Привремената спогодба. ...Вие се сеќавате како грчкиот народ не сакаше да слушне за името... Но ви се колнам и ви гарантирам дека Македонија како име е преоптеретено со грчка историја и нема ниту еден Грк меѓу моите избирачи, меѓу моите колеги, кои ќе може да и го даде ова име на друга нација, чии припадници дојдоа тука во 6 и 7 век. Тоа е невозможно и неприфатливо!
Ви верувам, но само за информација. Такви колеги има и кај нас кои тврдат дека: "Ниту името Македонија е грчко, ниту античките Македонци биле грци, ниту пак шестнаесеткратното сонце било грчко"
и дека тоа го имале кажано во своите научни трудови како што се: грчките учени уште од класичнот време, како Ефрос, Дионисиос Калифондас, Дионисиос Периигитис, Атинеос и други, тврделе дека „западните граници на стара Грција стигнале до Амвракинскиот Залив на северозапад,и до реката Пиниос на исток,додека северно од оваа линија живее етносот на Македонците".
Читајќи ја историјата, ќе се убедиме дека нема остри граници и резови, па се поставува прашањето: дали е можно да се направи остра граница меѓу античките и современите Македонци?
Ако античките Македонци не исчезнале пропаѓајќи в земја, тогаш јасно е дека учествувале во процесот на етногенеза на денешните Македонци. Но, тоа не значи дека може да се стави знак на еднаквост меѓу античките и денешните Македонци. Но, не може да се негира врската меѓу античките и современите народи, и дека нема равенство меѓу нив. Но, најверодостојно е да се послужиме со факти: Еден од најдобрите познавачи на балканскатаисторија е еминентниот историчарот Д-р Стојан Киселиновски кој заедно со Д-р Ирена Ставова - Кавка, во книгата "Малцинствата на балканот (XX век) - 2004 г. спрема историските грчки извори односно (Лондонскиот протокол 1830 година) објаснуват дека: "По грчкото востание (1821 - 1829 ), се формира современата грчка држава (47,516 км2 и со 753,400 жители). ...Во 1881 година, со Цариградскиот договор, Грција ја доби Тесалија и дел од Епир. ...Најголемото територијално проширување Грција го реализира со балканските (1912 - 1913)

и Првата светска војна (1914 - 1918). По Втората балканска војна, грчкатадержава ги обедини грчките етнички територии (Крит, островите Самотраки, Лезбос, Хиос, Самос, Икарија) и негрчките етно - историски територии (Егејскиот дел на Македонија).
По првата светска војна (1919), Грција продолжи со анектирањето на негрчките територии (Западна и источна Тракија). Со тоа територијата на грчката држава порасна од 63.211 км2 на 150.833 км2 и бројот на населението порасна од 2.631.952 жители на 5.531.474 жители. Потоа следеа Лозанскиот мировен договор и се до Граѓанската војна. Почитувана госпоѓо Елза Пападимитрију, Вие како интелктуалка, сигурно знаете дека: Силата сама за себе нема принципи. И големиот руски баснописец вели: "Силниот секогаш го победува безсилниот", а вовашаето воведно и целокупно елаборирање е базирано токму на тој игрозборен политички доклад. Проблемот, се разбира, не е само името, туку народот што живеел и живее токму во таа Македонија - и да прифатиме како што велите и самата уште од 6 и 7 век. Значи, станува збор за народ кој живее 16 века и затоа е наивно и плитко Вашето објаснувањето на проблемот пред европската и светската јавност. Треба да се зборува отворено: тие луѓе во 16 вековен живот зарем немале јазик, култура, религија,социјален живот, востања и револуции?!
Значи, шестнаесет вековни стравови, шестнаесет вековни солзи лиени едно подруги од мајки за закланиот пород (види: =**ΤΟ ΛΑΜΒΡΟΝ ΕΠΟΣ -ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΣ ΑΓΩΝ -ΠΩΣ ΠΟΛΕΜΙΣΕ ΚΑΙ ΕΣΟΘΗ Η ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ** (Како се бореше и ја спаси Македонија од андартинот) Одкажувањата на **Ιωαννο Καραβιτη** андартинот Каравитис, со својата банда справел такви масакри по леринските и костурските села - Глетки од кои замрзнува крфта.
Новороденчињата во лулката се плашеле да заплачат. Не помалки страшни се дејанијата на Костурскиот Владика Каравангелис кој имаше за цел грчката црква да биде главен асимилатор. Но, поред тоа шестнаесет векови ечела песна и оро, која не личела на туѓите, шестнаесет векови се уривало и се ѕидало под јаркото сонце кое ни го осветлуваше патот кој требаше да се стигне до Илинден. И токму во 20-от век нашите

души останаа соголени. Народ без гробишта на предците. Покажете му на светот дека навистина Грција со својата демократија, ги почитува сите значајни некрополи и историски обележја од моите предци. Значи, за Македонците од Македонија под Грција, светот добро знае, а тоа го кажаа и Американците: “Ја признавме Македонија за да покажеме дека е реалност” за нивната вековна култура која имаше стекнат идентитет преку разликите (конкротно со грчката), а не за сличноста со грчката култура на просторот на Егејска Македонија: Костур, Лерин, Воден, Кукуш и целокупниот етнички простор до поделата на Македонија во 1913 година. Но, судбината им била сурова и трагична, да бидат искорнати од родните огништа, да бидат протерани и расфрлани по светот, со цел да им се изгуби трагата и по пола век па се до ден - денес, од големата трагедија да не можат дури да си ги раскажуваат прикиазните од гробиштата на прогонетите.
Госпоѓо Пападимитрију, дозволите да ве прашам:Можете да дадете објаснение; дали тие мои предци кои дојдоа и како што тврдите (сега) вашите предци веќе биле тука во Македонија и се сретнале со тој народ, дали не настанала никаква симбиоза во тие 16 века? Или можете да потврдите дека вашите предци и тогаш не им го давале името Македонци, на моите предци да се викаат токму така Македонци? Туку и тогаш се воделе војни за името и целиот период на време во тие 16 века? Нели Ви се чини дека вие и вашите колеги и ибирачи на Балканот погрешно ја толкувате историјата(бидејќи во тоа време Грци на тлото на Македонија не живееле, отсем како штотврдите дека сте потомци на Александар Велики или поточно како што велат новите пропаганди: “**Опу Македонија еки ине ќе Елада!”**, и поточно речено посакувате да создадете историја врз погрешнипретпоставки, изигрувајќи “линколни (историски врски) и мајстори на минимизирање и елиминирање на туѓото”, се разбира од денешно време гледано за византиското владеење, па се до антиката? Почитувана госпоѓо Елза Пападимитрију, немам намера да одам толку длабоко во историјата и да ве соочувам со непријатните потфати спрема тие мои предци, доволно е да бидеме во нашето време, дапогледнеме малку поблиску во изминатиот 20-от век, оти токму тогаш се роди

проблемот со името: Македонец - Македонија, посебно по поделата на етничка Македонија (1913). А името како суштинаи како вечност е најбитен елемент за еден народ. Од тогаш, на мојот народ му се копа политичкиот гроб во сопствената земја или се гони човекот од родот мој како волк со билет во еден правец.

Балканска хроника и хеленизацијата на Македонија

Со балкансите војни (1912 - 1913) и со Букурешкиот мировен договор потпишан на 10 август 1913 година, Македонија и Македонците беа физички и политички поделени меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна Албанија ги доби Долна Преспа и Голо Брдо. Тоа се факти кои Европа и европскиот парламент добро ги знае.
На Париската конференција на 15 јули 1919 година, кога се третираше проблемот за правата на Македонците во комитетот за нови држави на конференција, многу беше актуелно прашањето за поделбата на Македонија и барањето да се најде решение. Во тие околности, англиската политика настапи со следната проблеми наложени со Букорешкиот договор, ќе сесоочиме со многубројни проблеми од кои тешко ќе се извлечеме. Тој проблем на границите под притисок на Бугарија меѓу 1925 и 1930 година честопати беше присутен во Друштвото на народите, често серазмислуваше како да се направи таканареченото поправилно разграничување на Балканот. Меѓутоа, секојпат се избегнуваше да се решава проблемот за ново разграничување, односно за проблемот награниците. И од тие причини во комитетот за нови држави на Париската конференција не се разгледувашепроблемот.За доделување автономни права на Македонците во Вардарскиот дел во рамките на Југославија, иисто така културните права на Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Таа идеја беше поддржана од Италијаните и особено од Англија. Меѓутоа, поради спротивставувањето на Франција и на Србија, тие проекти не поминаа.
Првото етничко чистење во Грција:

Грција, наместо почитување на правата на Македонците, се потпиша договор за етничко чистење.
Тоа се постигна со конвенциите;

А/ Нејскиот мировен договор потпишан на 27 ноември 1919 година за „ доброволно" размана на населението меѓу Грција и Бугарија. По силата на конвенцијата Калфов - Политис, за „доброволното" иселување. Грчките власти веднаш ја претворија во конвенција за задолжително иселување и до 1925 година македонското население масовно го иселувaваа од своите родни огништа.

Б/ Потоа уследи и Лозанскиот мировен договор потпишан во 1923 година за задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција.
Турско - Грчката војна (1919 - 1922) беше последен историски обид на малото, но амбициозно грчко кралство да наметне и да реализира една дамнешна великодржавничка политика за Мегали и чиста национална Елада.
Последиците на тие "легални" договори е направен невиден геноцид и сето падна на грбот на Македонците, бидејќи од Македонија под Грција беа протерани околу 70 - 80 илјади Македонци, а на нивно место беа донесени колонисти (само во Македонија) повеќе од 660. 000 т. н Просфиги - Маџири, односно Пондии од Средна Азија.
КАКО НАСТАНА ПРЕКРСТУВАЊЕТО (СО ИЗМИСЛЕНИОТ ПСЕВДОНИМ) ВО СЛАВОМАКЕДОНЦИ?! Грчкото општество (држава) по поделата на Македонија (1913-1919) година, односно со етничките промени од 1920-1940 година, изработи повеќе или помалку експлицитни правила и модалитети за политичко интервенирање со цел да се справи со културната разнообразнот и плуралноста на идентитетите кои настанаа по етничките промени од две поголеми групи:
1. "Вистинските национални припадноци со корен-Македонците и 2. "Лажните национални припадници со доселеничко потекло - Просфиги (Пондии). Ставот и целта на грчките влади низ целиот то период на време им била и останува до денденес: Да се скрши историскиот спој Македонија - Македонци. И не

случајно Македонија под Грчка, беше именувана во Ворија Елада. Сега грчката власт оди понатаму, бидејќи не гледа од нас Македонците некаков отпор. Грчкиот “Службен весник” („Ефимирис тис кивернисеос”) бр.332 од 21 ноември 1926 година објави закон за топонимскоти прекрстување на целата анектирана територија на Македонија.
Подоцна истото го стори и со личните имиња на сите Македонци. Но интересно е дека очевидно власта беше преокупирана само со сега анектираниот дел на Македонија и затоа “до денес преку етничката граница на Македонија под турската власт, односно преку реката Белица (Аљакмонас) “до Епир останаа непроменети од Славјански на грчки како што велите уште од 4-от век кога дошле моите предци. Тоа добро го забележав во годините на Граѓанската војна, кога служев и се борев во единиците на ДАГ. Од многу имиња на планини: Гоњо каменик (Гол камен), Орљакас (Орлов рид), Граммос (од Гремост) и други.
градовите: Мечово (од мечка),, Коница (од коњи). Сите села наречени Загорија (зад горите - планините).Селата: Врбјани, Златино, Присојвјани и други на кои коренот на зборот е Македонски.
Грчката власт, добро знаеше дека: Именувајќи не во”Славомакедонци” тоа претставува племенски атрибут за идентификација на Македонците и дека одговара на периодот пред 4-от - 6-от век кога се случиле големите преселби на народите и дека со тоа не ќе сме имале ништо со античките Македонци и со нивните атрибути. Значи, целта на Грците им е да му кажат на всетот дека древна Македонија нее татковина на овие-СЛАВОМАКЕДОНЦИ.
Треба да зборуваме отворено: Грците треба да го надминат стравот од различното. Грчкиот национализам остана се до денденес без исклучок. Турците во Македонија (па и во Грција) владееа повеќе до 5 века и се до 1913 година, но не го забранија македонскиот јазик, а вие Грците се покажавте мајстори на континуирани закони, тепања, забрани за изговорен македонски збор, чувство на страв и методи за заплашувања, со сите форми на институционално насилство. На секој ѕид беше обесен плакат:

“ОМИЛИТЕ ЕЛИНИКА!”. Работите отидоа до таму, што беше воведено вечерно училиште за нашите родители, баби и дедовци. Но да не заборавиме во истовреме нивните синови и браќа од тие семејства служеа во грчката армија и храбро се бореа на фронтовите во мала Азија и италјанскиот фронт, бранејќи го суверенитетот и интегритетот на Грција.
Второто етничко чистење во кое комунистите најмногу буричкаа во македонските работи.
Говорењето со факти е најдобриот начин да се избегне манипулацијата наречена сегашност.
Македонците како граѓани на Грција до годините на Втората војна доживееа разни псевдоними, па дури, обележани како „безимени” (луѓе на „Етнички анонимен народ на национална држава”. Така, живеејќи под строг политички надглет и катаднево лишени од човечките права, посебно во Граѓанскта војна (1945 - 1950) под силната и без склуполозна пропаганда станаа жртви на КПЈ и КПГ (кои беа на чело на ПБ, ЦК на КПГ, токму колонистите - просфигите), кои ја разгорија и ја лоцираа војната и овозможија на тогашната грчка влада да спроведе воени терори, уништувања и обездетување на македонската куќа и со тоа да се создадат “легитимни” миграциони движења, протерување на луѓето: со билет во еден правец, но само за Македонците. Под таквата идеолошка офанзива со својот космополитизам (против македонската национална свест) страшно го разнишаа македонскиот староседелски корен кои беше како што велите госпоѓо Елза уште од пред 16 века. Потоа помеѓу Грција и Југославија завладеа полавековната конфортабилна политика со спуштање на “железната завеса.”
Госпоѓо Елза, СИТЕ ПРОГОНИ СЕ БОЛНИ, да не заборавиме на најелементарното: ДЕКА СМЕ ЧОВЕЧКИ СУШТЕСТВА СО СВОЕ ДОСТОИНСТВО!
Но, кога нема поставување на прашања, до вистината не може да се дојде, па сакам да ве прашам:
Зошто во грчкиот парламент, дозволивте и дозволувате да се во сила расистички закони кои важат токму за нас - наследниците на оние предци од 4-от век кои несме Грци по род?
Врз основа на меѓународното право, државјанин на една држава се ползува со нејзината заштита без оглед на тоа каде се наоѓа.

Тој има право да се врати во својата држава и наполно да се стави под нејзина заштита. Но, ние Македонците политички бегалци од Грција сме лишени од оваа можност. Така уште на 1 октомври 1947 година, донесенисе низа закони:
Декрет "З" од 7 декември 1947 годна. "За лишување од грчкото државјанство на лица што делуваат антинационално";
Принудниот закон 516 од 8 јануари 1948 година "Околу подобноста на граѓаните";
Декрет "Н" од 20 јануари 1948 година „Околу конфискацијата на имотите на учесниците во Граѓанската војна";
Законот 2536/53„За раселување и населување на грчки погранични подрачја";
Законот 3958/1959 година „Околу имотите на бегалците";
И на крај што доживеавме, најрасистичкиот закон во Европа: (На основа решението на министерството за внатрешни работи 106.841/5-1-83, се дозволи
слободното репатрирање на "Грци по род".
Зарем сето тоа не преставува историски бедеми на етничкиот грчки национализам во свеста на полтичарите кои и денес пред влезот во Европа се измачуваат со невидени лаги за нас Македонците. Малко објаснение:
Овие закони, се донесени само против Македонците кои бевме насилно – масовно мобилизирани од 16 - 50 години не по наша волја од тој период на време во кое владеше најсуровиот комунистички хаос и служевме во редовите на ДАГ заедно со илја дници Грци ја делевме судбината во земјанките наГрамос. Токму таму и тогаш запознав Грци кои ме сакаа и ги сакав, но тие се вратија на своите огништа. Ја користам ова прилика да им изразам длабока почит.
Во целиот тој период на Граѓанската војна Македонскиот народ имаше повеќе од 20.000 жртви, а на тие што останавме живи раководството на КПГ: ни го ископа политичкиот гроб, ни ја испшаа црната страница од ЦРВЕНАТА КНИШКА и не фрлија во идеолошкиот отпад, но прашањето мие до вас госпоѓоЕлза Пападимитриу: Како може една легитимна влада и членка на Европската Унија да донесува такви закони и уште да ги има во сила; за луѓе кои не учеству ваа по своја волја во таа војна и

ниту преставуваа некој политички фактор во решавањето за целите на таа војна?
Зарем нели со овој закон, се потврдува дека и зафатот “ПЕДОМАЗОМА” НАСИЛНОТО ЧЕДОСОБИРСТВОТО - ЧЕДОКРАТСТВОТО НА ДЕЦА НА ВОЗРАСТ: 3 ДО-14 ГОД. СО ПОЛИТИЧКА УМИСЛА, ПРЕТСТАВУВА ДЕГРАДАЦИЈА НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО И, НАЈУБИСТВЕНО РАНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА, ПРОГОНОТ И МАРШОТ НА 28, 000 ДЕЦА СО БИЛЕТ ВО ЕДНА НАСОКА, НО САМО ЗА МАКЕДОНЦИТЕ, е дел од планираните миграциони движења и претставува дел од стратешките прашања што ги имала грчката држава по (1913) за иселување (насилните миграциони движење) на Македонците?.
Госпоѓо Елза Пападимитрију, со години ги читам сите акции кои ги презема грчката влада спрема македонската влада, односно спрема македонскиот народ, па дури и со многу не пристојни предлози т. е. од позиција на политики моќник. Мојата елементарна човечка (крвородовска) реакција е: Како може грчката влада да ја принудува за грижата на сопствениот народ (кој сега живее во Грција) и нивните културно историски вредности, зарем тоа не е уникатно насилство во Европа? Овој предлог би бил самоубиствен за македонскиот народ. Со него тој сам би се откажал од сите 16 вековни борби за своеименска држава на генерациите Македонци, но и на своја држава(Р. Македонија); сега и во иднина.
Со прифаќањето на ваков предлог, би се потцениле сите настојувања и борби на Македонците во соседните држави, па и во Грција за оставрување на елементарните човекови права за слободно искажување на идентитетот и негувањето на културната посебност како наше историско и цивилизациско право. Вие добро знаете дека Македонија и Македонците не сме само име туку и не раскилив дел од идентитетот. Значи, главниот проблем на грчката влада не е само осамостојувањето на Македонија, туку потикот што ќе го даде на барањето на правата на македонскиот народ во северна Грција. Значи за грчката влада проблемот не е Република македонија, туку Македонците во Грција како етникум.

Госпоѓо Пападимитрију, барањето на грчката влада, на жалост беше прифатено под ужасниот притисок и во македонската конституција беше променета определницата за грижата на Македонците во соседните држави, а цел свет знае дека секоја (држава па и Р. Македонија) народ е историски и цивилизациски обврзан да се грижи за својот народ кој подпадна под туѓа држава. . Со овој чин на политичка моќ во отсуство на духовниот, по правило, ги одвојува луѓето од реалниот живот и од она што може животот да го научи човека на човекување. Но тоа се случи...
ЕТЕ ЗОШТО, ЗА МАКЕДОНЕЦОТ НЕМА МОЛЧЕЊЕ ПРЕД УЖАСОТ!

И уште нешто: на 10 август 2003 година, по 55 години, грчката влада дозволи да се посетат огништата на нашите предеци т,е убавината од која исчезнавме, но со така наречен „ХУМАНИТЕРЕН ПАШПОРТ", во кој не треба да пишува кај си роден, туку само во Грција. Секој си го поставуваше прашањето: „Каде е мојот крај, каде е гробот на моите родители, на мојот дедо и баба, каде е тоа име што го барам? Таа слика од детството? Тој корен, таа река, тој патоказ, таа шума, таа птица што ме будеше.Каде е прагот што лазејќи го минував како дете?!..."
Зарем тоа не преставува газение по човечкото достоинство? Секој од нас се чувствуваше како ТУГИНЕЦ ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА, талкајќи по пола век низ обезличените гробишта да пронајдеш нишан од своите предци а не наоѓаш апсолутно ништо. Тоа е ужас, госпоѓо Пападимитрију кога на човека цвеќето му овене в раце...Кога свеќата нема кај да ја запали...
П.С.
Ако веруваме, ако само малку веруваме во човековите права, оти повторно ве читам и неможам да поверувам кога велите дека: „...го отворивме прозорот кон европската иднина на нашиот сосед, кој толку му е потребен. Ние ја покажавме и потврдивме нашата искреност и волјата да помогнеме. Јас сум оптимист."
Искрено ви честитам, но пред тоа ќе треба да видам и навистина нешто да направите: да ги поништите сите тие закони и

национални погледи против нас потомците на народот кој живеел цели века во земјата што се вика Македонија и да и кажете на Европа и светот дека ние неоправдано сме изгонети од нашите прадедови огништа и дека ќе ни се вратат и признаат основните елементарни човечки права и дека државата Грција ќе не зема во заштита како нејзини граѓани. Само така вие докрај би биле доследни, но ако тоа не го сторите тогаш останувате доследни со својата сомничавост.
**Стојан Кочов** пистел,историски истражувач и публицист **25 август 2005 објавено во 4 продолжења во весникот "Македонија Денес"**

# МАКЕДОНСКАТА ДОЛГОГОДИШНА КОНФОРТАБИЛНА ПОЛИТИКА
## (Како Комуцакос, Друцас и Бакојани со црвените линии станаа икони на 21 век)

Нашата долгогодишна конфортабилна (распојасана) политика, Грција од еден цел век ја искористи за разнебитување на македонскиот јазик и национален идентитет, и кога ја постигна целта, сега се нафрли на името како последна фаза во борбата за присвојување на Македонија и, ја измисли: - "*црвена линија*", "*малцинство македонско не постои во Грција", "Македонскиот идентитет е дел од идентитетот на секој Грк кој се раѓа и умира со македонски идентитет",* и кој знае уште што не ќе измислат... Но дали ние Макеонците уште од многу поодамна му дозволивме некому (секому) да ни го нагризува нашиот национален морал и со тоа се сакаше (сака) да не доведе до криза на нашиот идентитет? Реакциите наши се јавија уште за време на признавањето на Р. Македонија, и тогаш, скоро сите почитувани еминентни интелектуалци и научници дојдоа до заклучок дека непризнавањето на Р. Македонија, навистана е политички проблем. Ако е така, тогаш самите сме си виновни за своите постапки. Мина времето кога по потреба, секогаш некој друг можеше да биде виновен за она, за што самите сме виновни. Ние Македонците, треба да си признаеме, дека сме

биле долго под надгледување од страна на грчките националисти и тие одамна рекоа за нас: “оставиго непријателот да спие”. Што ни се случуваше во текот на повеќе од половина век и ладнокрвно го примавме цинизмот на Грците да не викаат Скопјани? Ваквото “Државнички и демократско” понашание е далеку од цивилизацијата.
Како Грција досега успеа да заведе многу луѓе од светот во заблуда за Р. Македонија?
Ќе се послужам исклучиво со факти и аргументи од грчките извори, кои во минатиот век ги има во историографијата, законодавството од кои може да се види; етапниот процесс на разнебитувањето на македонскиот народ под Грција и го прикажам од сите релевантни аспекти.Целиот тој период на спиење и догогодишното оро што го игравме со левите сили ( КПГ и КПЈ/КПМ), за нас е историско доцнење, кое тешко може да се надомести, ако навистина пред македонската јавност и сега сестрано и широко не се отворат сите прашања и да се дадат вистински одговори за опстанок и просперитетот на македоската нација и држава. Непобитно е дека секторската историјата за Македонците под Грција, цели 60 години се злоупотребувала за целите на политиката. Со тоа е направена огромна национална заблуда, денес имаме генерации не информирани Македонци, и низ историјата да не го знаат и чувствуваат геноцидот над Македонците од Македонија под Грција како македонска трагедија на 20 - от век. Длабоко сум уверен, дека Грција по нашето осамостојување тргна со обмислена офанзива и разнебитувањето им беше процес: чекор по чекор и добро се познати тие етапи за нашето дефинитивно да не избришат од картата на Грција како македонски народ, а тоа се базираше на она наше кревко македонско ПРОСТУМ, и која се бори со сите средства да го скрши за да си ја оправда “историската вистина” бидејќи како што е познато Македонија (дел од 34. 356 км2 го анектира) за прв пат во историјата дојде под грчка власт во 1913 година, по Втората Балканска војна, односно по поделата на Македонија со Букорешкиот мировен договор. Се поставува прашањето: дали за порано и за денешните условувања на Грција, ние изнесовме доволно факти и за таквите условувања ја обвинивме пред ЕЗ за закана на

мирот, за газењето по нашато достоинство, по човековите права, за етничкото чистење и геноцидот или навистина сега наликуваме на воомјазено исплашено стадо и барем чекавме (чекаме) кога ќе не докрајчат.
*Да ги проследиме годините на злосторствата со факти и аргументи:*
Дали, има вистина во тоа? Најдобро е да ги набројме историските етапи на разнебитувањето што досега ги има реализирано Грција спрема нас Македонците и зошто грчките власти сметаат, кое и да е признавање на македонски народ или македонскиот јазик директно го става под прашалник грчкиот државен интегритет. Во Македонија под Грција, доколку се навратиме доволно назад во минатото, ќе стигниме до периодот на првите Андартите на чело со Павлос Мелас и Германос Кравангелис уште во Отоманската империја, потоа по поделбата на Македонија (1913), промената на етничкиот состав, промена на личните имиња и топоними, метаксатовата диктатура, Втората светска војна и Граѓанската војна(1945 - 1949), ќе видиме кои се староседелците во Ег. Македонија, а тоа најдобро го покажуваат суровите закони, а не изјавите на почитуваната Бакојани.
Под еден: Како познати факти се дека Грција во целокупната комуникација и во сите официјални документи за анектираниот дел од поделата на Македонија (1913година го лажи светот а вистина е и цел свет ја знае дека грчко-турските граници биле многу длабоко во Грција под турска власт Турците повеке од песто години биле се до Тесалија Значи и Грците биле под Отоманската империја.Тука сакам да наведам еден не побитен факт од многупочитуваниот грчки Лекар=-Ο ΓΙΑΤΡΟΣ ΕΠΑΜΙΝΟΝΔΑΣ ΣΑΚΕΛΑΡΙΥΟ соборец мој,со кого служевме во единиците на ДАГ-во Граѓанската војна во Грција 1946-1949 година и по неа се најдовме во СССР Ташкент. Овој благороден човек лекар спаси илјадници тешко ранети Грци и Македонци од редовите на ДАГ,еве што пишува во својата книга.издадена во Грција под наслов.
...ΔΙΑΘΕΣΑΜΕ ΤΗ ΖΩΗ ΜΑΣ.
На страница 21 пишува.

**Στα παιδικα μου χρονια,τα ελληνοτουρκικα συνορα ητανε στι Θεσσαλια,στη Μελουνα.Μετα το 1912 απομακρυνθηκαν στη Φλωρινα,στον Εβρο.**
Во превод: Во годините на моето дедство,грчкотурската граница беше во тесалија,кај Мелуна.а во 1912 година се промени и се стави до Лерин и до Евро...
Ете,тоа е ФАКТ; и од тогаш вистината, Грција ја води Македонија под имињата: "Освоени земји", "Окупирани земји", "Грчка Македонија", "Северна македонија" (Ворија Еледа), а во меѓудржавните договори со монархиите на Бугарија и Србија ете како комуницираа:
Договор за сојуз помеѓу кралството на Грција и кралството на Србија од 19 мај 1913 година. Член 2. При поделбата на територијата на Европска Турција, која по завршувањето на сегашната војна ќе им биде отстапена на балканските држави според договорот за мир со Отоманската држава... Член 3. Двете високи договорни страни... Таа граница базира... тргнувајќи од највисокиот врв на венецот Камна, горна Шкумба, ќе го заобиколи Охридското Езеро, западниот брег кај Преспанското Езеро од селото Коњско, Долно Дупени, до Рахманли, ќе поминува низ текот меѓе Црна Река и Меглена и ќе излезе на реката Вардар... итн. Иститаков договор има и со Бугарија. Член 7. Неговото Величество кралот на Грција се обврзува дека неговата влада ќе ги даде сите потребни олеснувања и се гарантира за период од 50 години полна слобода на српската извозна и увозна трговија преку солунското пристаниште, железничката линија од солун спрема Скопје и Битола. . . итн се до член 8, 9, 10 и 11. Потписници: Жан Александропулос и Мате Бошковиќ (Види С. Скоко, Други балканиски рат , стр. 405 - 408. Се поставува прашањето: Ако од секогаш била Македонија грчка, тогаш зошто неговото Величество кралот на Грција, дозволил така широкоградно да ја дели Македонија помеѓу србија и Бугарија?
Под два: Грција во анектираниот дел од Македонија изврши преименување на имињата и презимињата, на топонимите и на се: што е македонско на грчки јазик исклучиво само во тој дел на Македонија под Грција со закон ("Ефимерис тис Кивернисеос" бр. 332 од 21 ноември 1926 година). Во

цивилизираниот свет се знае дека никој не смее да има монопол над именувањето и над имињата: тука спаѓаат името на територијата, на луѓето, на предметите, на јазикот и на секој поим што со векови го употребувале староседелците. Тоа Европа не го направи, туку во окупирана Македонија го направи само Грција. Станува збор за промена на топографијата, на душата на македонскиот народ во Грција. Со таквата сурова стратегија, се тераше македонскиот народ на заборави на сопствениот културен идентитет. Целта на окупаторите им беше: да го изменат гравитационото јадро на македонското самостојување и вековното самопотврдување и да се напуштат тајнствените алгоритми запишани во вековниот егзистенцијален код и на сето тоа да им се даде грчки код. Да се избрише целокупната македонска цивилизација која со векови беше обликувана врз иманентни аксиолошки стандарди, изградени врз основа на определени функции на културата, без кои не би била можна егзистенцијата на човечкиот род. Со таа топографија ние Македонците, (токму од тој дел на Македонија), било кај да сме по светот и ден - денес се идентификуваме и се бараме по светот.
Овој закон беше еден од најсуровите со кои се изврши бришение на вековното македонско постоење на тие простори и со цел да послужи како припрема за поголемо етничко чистење.
Под три: Грција, по ова веднаш почна да спроведува една етногеноцидна политика со протерување на македонското и колонизирање на инородно население, односно да врши етничко чистење. Таа уште во 1927 година, помеѓу Грција и Бугарија (Молов - Кафандарис) и со договорот Грција и Турција во 1923 година во Лозана, во тој дел на Македонија се населија повеќе од 640. 000 лица, а исели илјадници исламинизирани Македонци и многу други луге кои учествувале во Илинденското востание. Тогаш, тие дојденци државата ги нарекуваше Просфиги (Пондиј) а нас македонците ендопии (староседелци). Понатака како се развиваа асимилационите процеси така просфигите стануваа горди Македонци, а староседелците Македонци се прогонуваа. Но се поставува прашањето: Зарем е било можно, Грците да се вршат етничко

чистење ако народот и земјата била од секогаш грчка?!
Човештвото до ден - денес нема забележано таков феномен.
Под четири: Метаксовата диктатура - позната од 4 звгуст 1936 година, кога генералот Јоанис Метаксас прогласи диктатура во Грција. Режимот посебно остро се спротиставуваше и го казнуваше македонизмот, изразуван било како опстествена дејност или само преку говорење на мајчин јазик. Многу локални жители на Македонија под Грција завршија во суровите затвори и по островите.
Под Пет: Втората светска војна, Граѓанската војна и гревовите на Македонците Кај секој Македонец, па и кај мене (како учесник во тие војни) се раѓаат следните прашањата:
1. Зошто Македонија и Македонците се проблем за Грција?
2. Дали Македонија ја украла грчката историја или се работи за обратна ситуација?
3. Но, моето прашање е зошто ние Македонците молчиме за извршениотсо ГЕНОЦИД НАД МАКЕДОНЦИТЕ во годините ( 1940 - 1950) токму од Грчките влади?! И зошто се уште иљадници Македонци талкаат прогонети по светот и не можат да се вратат на своите огништа! ?
По завршувањето на Граѓанската војна се забрани враќање на татковите огништа на сите Македонци, кои се најдоа во ветриштата на војната и кои ни најмалку не сносат вина спрема државата Грција. (Закон бр. 1540 и бр. 106841/5-1-1983, во Грција можат да се вратат само “Грци по род”.
Ете со такви крупни стратешки зафати Грчката држава ја почна историската ерозија на македонскиот народ под Грција и на неговата самобитност со цел да се избриши се македонскиот етнографски белег: јазик, култура, историја, сите славни предци, сите познати херои и да се уништат сите моќни симболи. Па дури и сега во Австралија свештеникот грчки им вели на Македонците: “Кој зборува македонски, не може да се причести! (Види книгата “Македонскиот конфлик” 359 стр.).
Но, има уште по сурови и нечовечки потфати: Има прогонети родители кои нивните синови се бореа во грчката армија за зачувување на грчкиот суверенитет, тие ги положија животите во Турско - Грчката војна и Италјанско - Грчката војна и денес не можат да се вратат. Сите тие родители, до војната живееа од

пензијата на своите погинати синови. Повеќето изумреа во беспаќата по светот, со чувство на вина. Тие стари и изнемоштени луѓе, поради тешкото етничко угнетување, ги сметаа Грците за полоши од Турците и веле: “Турците намаа вера, но имаа исав. Грците немаат ниту вера, ниту исав”.
Така почна систематското уништување на македонскиот национален идентитет над Македонците под Грција и на тој начни се градеше грчкиот идентитет.
Но, тоа што зачудува сега, и е уште по сурово, дека Грција како членка на НАТО и ЕУ, не сака да знае дека таа со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор (10 август 1913) има преземено обврски спрема Македонското население и тоа: По тој договор, следат следните обрски по член 7:
Параграф 1: “Сите грчки националности (заедници што живеат во Грција) ќе бидат еднакви пред законот и ќе ги уживаат истите граѓански права без разлика на расата, религијата и јазикот”;
Параграф 3: “Разликите во религијата, верувањето и верата не ќе бидат прејудицирани (нема да бидат пристрасни) на која било грчка националност (заедница) во однос на уживањето на граѓанските или олитичките права, како што се, например, пристапот до државните работи, вработувањето, должностите и именувањата, почесностите или пректикувањето и израз на професионализмот на секоја индувидуа посебно”; Параграф 4: “Не ќе се наметнуваат ограничувања на слободната употреба на јазикот на која било грчка национална заедница во прифатната комуникација, во трговијата, во религијата, во печатот или во изданијата, во секој поглед. Тоа важи и за јавните собири, состаноци и јавниот збор”;
Член 8: “По малите грчки национални заедници кои припаѓаат на расните, верските или јазичните малцински групи ќе уживаат ист третман и заштита во законот како и другите грчки национални заедници. Во суштина, тие ќе имаат еднакви права да воспостава, управуваат и котролираат со нивите издатоци, со добротворните и религиозните институции, училиштаи други образовни институции, со право да го користат својот јазик и да ја практикуваат својата религија слободно и без пречки во тие институции”;

Член 9, параграф 1: “Грција ќе овозможи, во поглед на државниот образовен ѕистем, во градовите и во окрузите во кои живеат значителен број на националните заедници, различни од оние што зборуваат грчки, да бидат изградени адекватни капацитети (објекти) во кои ќе се осигура дека во основните училишта наставата ќе се изведува на исто ниво како и за оние каде што таа настава ја следат на грчки јазик и преку следење на својот мајчин јазик. Оваа одредба не £ оспорува на грчката влада да воведе задолжително изучување грчки во споменатите училишта”;
Член 16: “Грција се согласува на обврската да биде ставена под гаранција на Лигата на народите и тоа: секој член на Советот на Лигата на народите ќе има право даму обрне внимание на Советот на секое кршење или опасност од кршење на која било од овие обрвски и притоа Советот може веднаш потоа да преземе активност ид а издаде директиви, да нареди, исто така, може да одлучи според надлежностите во дадените околности... Грчката влада со ова се согласува дека во врска со несогласувањето, спорот, ако другата страна смета дека има потреба, може да се обрати до постојаниот суд на меѓународната правда. Одлуката на постојаниот суд ќе биде конечна и ќе има иста силина и дејство како одлуката според членот 13 од Конвенцијата на Лигата на народите”.
Потписници, односно верификатори на Букорешкиот мировен договор (земји кои секогаш може да поведат расправа или според членовите од договорот) се: Британија, Франција, Италија, Јапонија, канада, Австралија, Нов Зеланд, Јужна Африка и Индија.
По едновековното етничко чистење и жестоката дискриминација и асимилаија над Македонците во Грција, сега и како членка на ЕУ и НАТО, со иста замисла и цинизам; се поставува како империјална сила, како држава со асиметрична надмоќ над Република Македонија (да униште се што е македонско), со претензии за своеантичко и источновизантичко наследство.
Но, непријатно е денес од грчката влада и актуелните грчки политичари и креатори на грчката историја - да забораваат дека за одбрана на грчкиот суверенитет илјадници Македонци ги

оставија коските во војните: Турско - Грчката војна од 1921 и Италјанската војна, Втората светска војна и најтрагичната за Македонците - Граѓанската војна, во која доживеа ГЕНОЦИД. Но, и за многу други историски и политички прашања кои произлегуват од ГЕНОЦИДОТ НАД МАКЕДОНЦИТЕ во Граѓанскат војна, и по неа.
По таа војна, само Македонците изгубија се: а)човековите парава, б) право на враќање на татковите огништа, в) враќање на имотите и г) право на интегрирање во грчката држава со личните и колективни права на културен и национален развиток во рамките на грчката држава, како поранешни граѓани на Грција.
Законите донесени против македониците, се најголемо сведоштво:
Значи,во ова истражување ако ги погледаме клучните елементи на општествениот поредок: законот, смејството и нацијата, за нас Македонците се зборува, само во законите, но во елементите на општествениот поредок во Грција не! Така зборуваат фактите дека во грчкиот парламент се донесени следните закони и сите тие закони за Македонците и најдобро е почитуваната Бакојани да ги прелиста тие закони,а верувам дека тоа го знаат и Американците и Европејците и Госпот наш христјански.
Донесен законот КЗ 375/14, декември 1936 година и по овој закон неколку Македонци беа осомничени и окарактеризирани за нелојални граѓани и беа интернирани на грчките острови. Тој закон важеше токму за Македонците наследниците на домородците кои не се Грци по род?
Потоа следеа законите за судско гонење на Македонците:
Законот ПЗ4124/45"околу соработниците на оку-паторот" и овој закон единствено беше применет против Македонците - Костурските комити.
Законот КЗ454/45 "против автономистичката дејност", а посебно КЗ453/45 беше донесен против сите Македонци кои се организирани во политичките организации НОФ, НОМС и АФЖ.

Нацрт - закон за присилно протерување на Македонците преку граница 1946 година грчкото државјанство на лица што делуваат антинационално”;
Принудниот закон 516 од 8 јануври 1948 година „Околу подобноста на граѓаните”;
Декрет „Н” од 20 јануари 1948 година „Околу конфискацијата на имотите на учесниците во Граѓанската војна”;
Законот 2536/53„За раселување и населување на грчки погранични подрачја”;
Законот 3958/1959 година „Околу имотите на бегалците”;
Врз основа на меѓународното право, државјанин на една држава се ползува со нејзината заштита без оглед на тоа каде се наоѓа. Тој (Македонецот) има право да се врати во својата држава и наполно да се стави под нејзина заштита. Но, ние Македонците политички бегалци од Грција сме лишени од оваа можност дури и по половина век.
Каква е нашата грижа за заштина на Македонците под Грција? Првото затресување на македонското ПРОСТУМ, таквиот став го почувствувавме кога во нашиот парламентот си го откажавме нашиот народ македонски под окупираната Македонија и се нафрливме сите панично (и учени и недоучени), но само народот рече: Името Македонија не го даваме! Македонците се наши браќа, било каде и да живеат по поделата во 1913 г. Таквиот чин во висок парламенатерен дом за откажување на дел од својот народ, се случи само кај нас Македонците и нее никаде забележано во светот, а секаде и во сите држави има мешани народи, но не се откажувани од својата Матица.
Ние, од уставот; откажи едно, посечи друго, исфрли трето, сами си ги го испоганиме сопствениот национален морал.Наместо одамна требаше да направите кампања во сите европски метрополи и во други земји како во САД да им покажеме: кои сме ние, и зошто тоа ни го прават Грците и тоа со иста моќ и енергија што ја употребуваа Грците, ние почнавме да се радуваме и да ги набројуваме, кој ќе ни го споменеше името Македонија... Вчудоневидени беа од сето тоа и многу наши академици и писатели (генерации воспитани во југословенската држава и немаа никакво сознање за македонската трагедија), кои посакаа и оние кои никогаш не сакаа да му се обратат

директно на г. К. Мицотакис, г. А. Папандреа, г. К. Караманлис, г - га Бакојани (“*Тоа малцинство (македонците) не постои во Грција”)*, г. Г. Папандреас и на г. Д. Друцас - херој на денот, вели: *(“Македонскиот идентитет е дел од идентитетот на секој Грк кој се раѓа и умира со македонски идентитет*”), а за педесет години не напишаа ниту еден збор за геноцидот над Македонците под Грција. Потоа се јави една друга категорија која имаше од секогаш и се до денденес ја има, а тие се оние кои беа научени од државата за земаат повеќе (како големи Македонци) отколку да даваат и сега се служат со излитени фрази шират страв дека ќе ја изгубиме државата Македонија. Па читаме во разни колумни дури и од наши дипломати: *“Грција нека ја преименува својата провинција (Ег. Македонија) како сака...”*, Н. Македонија 29. 12. 2009 г. Овој дипломат можеби интуира дека мечката која играла во дворовите на Егејците,не чудно да се приближува. . .Чиста македонска филозофија, која ја потхранува нашата долгогодишна конфортабилост. Молчи, далеку да е од нас...

Па такви ги имало од секогаш и тоа е наша реалност со Македонците (Торбеши, гркомани, бугаромани, србомани, титомани, захаријадомани, маркомани, соросомани и распојасани главатари, а кој знае уште какви други незнајни ги има).

Ние многу пати ја укоривме Европа и се спротивставивме најостро со разни написи во кои се вели:… “Ултра десната демократија на Европа бесрамно ја деградира божицата на Правдата во чие име се колне откако постои семе, народ, држава, империја, робови и прогонства. “ Но интересно е што ние пред очите на Европа си го заборавивме со децении нашиот народ под Грција и се до денес и ниту пак на сопствениот народ му се обративме, но и ниту ги изнесивме фактите со кои Грција требаше одамна да биде на обвинителна клупа пред Европската цивилизација за извршениот генецид и за прогонствата од (1945 - 1949). Премиерот на Грција подвлекува дека проблемот е сложен, но дека мора да се најде заеднички прифатливо решение и дека тоа решение ќе се случи во скоро време.

Ако навистина Папандреу смета дека Македонија и Грција имаат повеќе нешта што ги зближуваат, отколку што ги

оддалечуваат, тогаш треба да се отвори еден голем спектар на прашања од областа на човековите права, историјата, културата, кризата на идентитетот итн. Да, за секој разумен човек, минатото и иднината како соседи имаа огромно влијание. Значи, конкретно се бара: Пред македонската јавност, првенствено треба сестрано и широко да се отворат вистинските прашања за условувањата на меѓународната заедница и на Република Македонија од страна на Грција и нејзините закани за мирот на Балканот и во Европа, а се со цел за тотално уништување на македонскиот историски, културен и национален идентитет. И како последен и сериозен проблем, е тоа што пред нашата јавност и пред светската јавност не им објсанивме дека ние Македонците не треба да носиме вина дека ние ја предизвикавме и ја раководевме Граѓанската војна (1945 - 1949), туку вон еа бевме турнати, изманипулирани и жртвувани. Но ако погледниме во Меморандумот на грчката влада до ОН има доказен материал (факсимил), како прилог од организацијата НОФ, дека Македонците се бореа за отцепување наг ржки територии. Нашата историографија, одамна требаше да го објасни проблемот со Граѓанската војна и да докаже:

## КАКО И ЗОШТО БЕШЕ ИЗМАНИПУЛИРАН И ЖРТВУВАН МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945 - 1949 ГОД.

Вистина е дека ние Македонците под Грција, учествувајќив во ЕЛАС и ДАГ, и никогаш не станавме политички субјект и ниту добивме историски идентитет, а во тие војни дадовме повеќе 30,000 жртви. Но зачудува фактот со нашата историографија која со своето ренитенто толкување на историските процеси, привидно “Утврдува” историски идентитет, дека наводно “создадовме” македонски институции, македонски воени единици, раководство издигнато од народот, а практично и во ЕЛАС и во ДАГ исклучиво бевме под контрола на Грчките комунисти и со нас манипулираа како тие сакаа и факт е дека денес не сме објективно присутни ни во нивните историографии, туку сме анатемисани како автономисти, сецеионисти итн. Но најбитно е тоа што и од матицата (КПМ)

бевме набедувани да ја слушаме покорно КПГ.Вистината е поинаква: По Втората светска војна на Конферацијата на Јалта на 4 - 11. февруари 1945 година Балканот беше поделен на сфери на влијание и границите на државите беа статус љво, а Грција потпадна под западно влијание и спрема ЗАГОВОРОТ, требаше под инто да се ликвидираат Комунистите и да се протераат Македонците.
Како и зошто бевме примамувани од КПЈ/КПМ дека ние Македонците ќе ги добиеме националните права само преку борба, а денес сведоци сме што зборуваат (не негираат) и грчките комунисти и КПЈ/КПМ на чело со Тито, пола век сме живееле во МОЛК. Долги години сме живееле со убедувањата дека борејќи во редовите на комунистите Грци , тие ќе бидат првите што ќе не заштитат и ќе ги добиеме националните права. Но, ете што вели генерал Маркос на кого македонскиот народ му ги довери најдобрите синови во ДАГ: Кога Маркос Вафијадис (во 1948 година после борбите на грамос беше суспендира од старна на Захаријадис и претен во прогонство во градот Пенза СССР, тој голем генерал и “стратег” како што на аеродромот во Атна го пречека гералот на Владината војска г. Чакалотос. Значи беше пречекан како заслужен Грк. На едно интервју со грчките новири, на прашањето: “Која беше главнта придобивка од Граѓанската војна?” Тој одговори: “Искоренување на Славомакдонсвите од Северна Грција”. Ете, тој беше легендарниот генерал Маркос (тутунскиот работник) на кој му ги поверивме македонските борци за слободата и правата на македонскиот народ. Но, најпонижувачки и безочно е кога нашата историографија и по полавек тврди, дека ние Македонците во таа војна бевме военополитички фактор и таа војна беше продолжување на Илинденските идеали, цели и традиции за обединување на Македонија.
Навистина овие проблеми бараат одговор и еднаш за секогаш да ја фрлиме вината која понекогаш си ја наметнуваме сами. Постој опасност, како, од нашата конфортабилна политика, кога дозволуваме секому со години да го разнебитува македонскиот идентитет, сега по признавањето на Македонија, да се потпреме врз партии со граѓански интерес(кои ни најмалку се интересираат за македонскиот идентитет) и се разбира под

таквите притисоци да се најдеме пак во нечие ново репрограмирање на нови сфери на влијанија.

**Стојан КОЧОВ**

**Скопје Писател и рублицист (2012година)**